Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-414/4
датум 10-02-2025

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

Министерот за правда со решение бр. 08-2510/1 од 30.09.2024 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2024 година.
Комисијата за надзор на ден **30.10.2024** година во **13:30** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1158/3 го започна надзорот во **Основен суд Куманово** за контролниот период 2024 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2023 година до 2024 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателката на судот Снежана Манев, судскиот администратор Марта Крашовиќ и раководител на одделение за информатика Новица Арсовски.

**Судскиот совет да направи итен избор на судии со цел да се овозможи пополнетост на судот со судии.**
Судскиот совет и Судскиот буџетски совет да извршат соодветни барања до Министерството за финансии да се овозможи вработување на минимален капацитет во судовите (минимална пополнетост од 75% од систематизација) под кои не може судот да опстои за навремено постапување по предметите. Министерството за финансии задолжително да овозможи минимална пополнетост од 75% во судовите, во спротивно одговорноста за ненавремено испорачување на правдата да ја сноси Владата на Република Северна Македонија, пред Собранието на Република Северна Македонија. Доколку судовите се пополнети со минималниот процент од 75% и не успеат да го совладаат приливот на предмети и не овозможат ажурност на судот, претседателот на судот да одговара

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

дисциплински пред Судскиот совет, судскиот администратор пред претседателот на судот, а судските службеници дисциплински пред судскиот администратор.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

Претседателката на судот објасни дека нема донесено програма за работа, таква програма поднела при пријавување на огласот за претседател на суд.

ПРЕПОРАКА:
Претседателката за следната година да донесе програма или план за работа и согласно законската одредба да достави извештај до Судски совет за реализација.

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Вкупно во судот пополнети се 19 судиски места од 34 предвидени по систематизација. Во граѓански оддел во моментот постапуваат 7 судии, 2 на породилно отсуство. Во кривичен оддел постапуваат 7 судии. Во текот на 2024 година завршил периодот на времено упатување од 1 година на ново избран судија од Академијата. На 1 судија му мирува постапката од септември 2024 до јуни 2025, 1 судија врши функција на член на Судски совет, а 1 судија е делегиран за претседател на Основен суд Кратово. Судии од судот се определуваат за кривичен совет за Основен суд Крива Паланка. На овој начин, во судот активно постапуваат само 14 судии и претседателот на судот, или само 45%.

ПРЕПОРАКА:
**Судскиот совет итно да изврши избор на судии во Основниот суд Куманово но и во судовите со основна надлежност на апелационото подрачје, со цел да не се оптоварува дополнително судот со проширена надлежност, што доведува до неажурност и нефункционалност на судот.**

### 3. Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**(колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Су 04-1150/23 од 22.12.2023 година за 2024 - Исправка Су 04-1150/23 -1 од 24.01.2024
Одлука за измена на Годишниот распоред – Су 04-1150/23 -2 од 28.03.2024
Одлука за измена на Годишен распоред Су 04-1150/23-5 од 12.07.2024 година

**Препорака за Судски совет за судовите во кои се делегираат или од кои се делегираат судии:**
Судовите од кои се делегираат или во кои има делегирано судии најчесто се причина за измени на годишните распореди. Имено, судијата може да биде времено упатен во друг суд согласно закон. Судијата, кој е упатен во друг суд претходно постапувал по број на предмети во судот каде ја извршувал својата функција. Кога ќе биде упатен, предметите што не биле завршени се доделуваат на друг судија, што доведува до дисконтинуитет во работата, од причина што согласно закон некои од постапките ќе треба да започнат од почеток. Во судот каде е делегиран судијата често се случува да постапува по друг вид на материја и да не може да ја продолжи својата специјализација по видот на предмети, па така, во тој суд започнува да суди други судски постапки, кои доколку не ги заврши во рок од една година, повторно се предаваат на друг судија согласно годишен распоред преку АКМИС. Дополнително, од судовите се определува судија за да се овозможи кривичен совет во суд кој има само 1, 2 или 3 судии. На овој начин, судскиот совет само привремено обезбедува функционалност на судот заради гаранција на право на судска заштита. Овие делегирања на судиите доведуваат до неефикасност кај судовите, незадоволство и кај судии и кај судовите и кај странки во постапката. Дополнително, квалитетот на одлуката е доведен во прашање и право на правично судење во разумен рок. Оваа состојба опстојува подолг период и претставува проблем.
**Сепак, Судскиот совет е ограничен при избор на судии заради Академијата за судии и јавни обвинители. Затоа, неопходно е да бидат преземени неколку мерки:**
**1. Преку Академијата да се овозможи поголем број на кандидати за судии и јавни обвинители.**
**2. Судскиот совет** да подготвува 5 годишни проекции за потребни и слободни судиски места, а секоја година да врши Анализа на податоците и потребите во судот со цел навремено делување за да се обезбеди потребен број на судии и службеници. Судскиот совет да врши избор на судии согласно утврдените анализи и потребата од специјализација во судовите. Во случај кога нема доволен број на судии (кој не

може да биде под 75% минимална пополнетост) да се овозможи број на стручни судски службеници кои ќе ја олеснат работата на судијата во судот.
**3. Судскиот совет** во своите 5 годишни проекции за слободни судиски места треба да предвиди дека овозможува делегирање на судии, а со тоа одлив од судовите. Судскиот совет задолжително да подготвува петгодишна проекција за судиите и судската администрација во судовите, со цел овозможување на ефикасна организација на работата на судовите. Доколку судскиот совет погрешно ја предвиди проекцијата и доведе до намалување на минималната пополнетост на судиски места, членовите на Судскиот совет дисциплински да одговараат за неодговорно вршење на службената должност.
Доколку овие препораките не бидат прифатени и спроведени, да се воведат законски измени за да се овозможи организација на судската мрежа која ќе овозможи фер и правично судење согласно европските стандарди, со овозможена специјализација на судиите и стручната судска служба заради донесување на квалитетна судска одлука во разумен рок. Ова да значи овозможување на дигитални алатки за да може да се распоредат подеднаков број на предмети на сите судии во Република Северна Македонија.
Работата на претседателот на судот и судот е сепак условена од бројот на судии и број на судски службеници. Одговорноста може да се бара единствено ако се исполнети неопходните услови за функционирање на судот.

### 4. План за годишен одмор на судиите (115 СД)

Нема посебен план за годишен одмор, само решение за годишен одмор. Претседателката го истакна проблемот дека пола година нема стечаен судија.

### 5. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица

Има формирано служба за информатика како посебна организациона единица, а во судот е вработен еден информатичар кој е раководител на одделение за информатика.

### 6. Формиран оддел за судска практика во судот

Во судот нема формирано оддел за судска пракса.

Препорака
Со цел да се одговори на стандардите, претседателката на судот веднаш да определи судија од судот за следење на домашната судска пракса и праксата на

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

ЕСЧП. За поголема координација да се обратат до Врховниот суд на Република Северна Македонија.

7. **Формирана е канцеларија за односи со јавноста (101 СД) за одговорно лице назначен е судија Зоран Соларски.**

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Судскиот администратор редовно донесува распоред за службениците:
Су бр.07-216/22 од 30.12.2022 година и Су -07-175/23 од 30.01.2024.
Судскиот администратор укажа на состојбата со судската служба, каде се пополнети 102 работни места од 262 места предвидени со систематизација, односно 38%. Во последните две години, иако биле одобрени и дадени согласности за вработувања, истите не можеле да се спроведат од причина што се дадени многу доцна кон крајот на годината (2023), во 2024 година заради претседателските и парламентарни избори, а потоа и заради заклучок на Владата за запирање на постапките кои претходно не биле спроведени. На овој начин огласите пропаднале и воопшто не се реализирале вработувања во последните две години. Меѓу огласите што пропаднале бил и огласот за советник - информатичар.

Забелешка и појаснување од судот:
Во процесот на одобрувања и давање на согласност од Министерството за финансии, судот нотираше дека истите се даваат на крај на годината, кога практично е невозможно да се спроведе целата постапката за вработување по јавен оглас. Членот 22 од Закон за судска служба и членовите 20-а и 20-б од Закон за вработени од јавен сектор не се усогласени, а МЈА работат по Законот за вработени во јавен сектор и наместо како што е предвидено во чл.20 од ЗСС плановите да се достават до 01 март тековна година, ние плановите ги доставуваме до 01 септември тековна година и поради ова се прави застој и во врска со давање на согласности и распишување на огласи. Судски буџетски совет Единствениот годишен план го донесува до крај на Јануари во година на која се однесува планот, а после тоа следат по неколку пати усогласувања на плановите по насоки на Министерство за финансии и по секое усогласување се бараат мислења и од МЈА. На тој начин се губи време и додека дојде момент да се бараат согласности секој суд за поединечни работни места кои ги доставуваат до Судски буџетски совет, а тие пак до Министерството за финасии за давање на согласности поминува подолг временски период кога ќе дадат согласност за отпочнување на постапки, а и согласностите кога ќе се дадат од Министерство за финансии тоа е најчесто при крај на тековната


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

година, заради што постапките кои се во тек неможат да се завршат во предвидените рокови во ЗСС за овие постапки и повторно по изгласување на Буџет за наредната година сме приморани да бараме согласности за наредната година што повторно се ставаме во ситуација да чекаме за да продолжиме со постапките по јавен оглас. Од страна на Министерство за финансии од пред две години се бараат пополнети табели поднесени заедно со барањата, со што постапката се повеќе се комлицира и секако со секој План и за секој усогласен План се бара нов образец пополнет Балансер.

ПРЕПОРАКА:
**По усвојување на Единствениот годишен план за вработување, МФ и СБС согласноста за конкретно работно место да ја даваат навремено, на почетокот на годината со цел да не пропаднат одобрените финансиски средства и вработување на потребниот кадар за годината кога бил планиран.**

**ПРЕПОРАКА за функционална буџетска независност на судската власт**
**Судската власт и вработените во судска власт не смеат да зависат од одобрувањето или одбивањето на Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација(претходно Министерството за информатичко општество и администрација. Судовите се единствените надлежни државни органи кои можат да ја оценат потребата од службеници, за што е потребно навремено да доставуваат годишни планови за вработување и унапредување, кое претставува известување до Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација. Претставник на министерството за финансии е член на Судскиот буџетски совет и истиот навремено треба да известува за состојбите во судовите. Воедно, во измените на Законот за судски буџет да се предвидат соодветни механизми кои од една страна ќе овозможи пополнетост на судовите со доволен број на службеници за да се овозможи ефикасност на судовите, а од друга страна ќе се оневозможи злоупотреба на судот за преголем број на вработувања.**

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Формални службени белешки нема. Секој месец се врши контрола по писарниците со укажувања, а водителите на писарници секој месец доставуваат писмени известувања до претседателот на судот.

| |
|---|
| ПРЕПОРАКА:<br>**Судот за целосно почитување на одредбата од член 17 од Судскиот деловник, формално да го регулира спроведувањето на редовните контроли во судот.** |

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

    Су бр.125/24 од 06.02.2024 година

11. Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот **на судот (член 67 СД) увид во записници**

Су бр.909/24 од 08.10.2024 година

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су -324/24 од 28.03.2024 година

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Претседателот на судот не донесува програма за работа и не доставува Извештај.

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Редовно се доставува, увид во 03 Су – 277/24 од 10.10.2024

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Куманово за 2023 и 2024 година**

Апелационен суд Скопје редовно врши надзор во судот и доставува извештај за извршената посета.

**16. Надзор над работата на нотарите**

Претседател на судот одржува состаноци и се врши контрола.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**17. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуките на вработените во судот ги извршува информатичарот и тоа по потреба кога има нови вработени или новитети во системот.
Исто така информатичарот и останати вработени имале обуки и во Академијата за Јавни обвинители и судии.
Била извршена и еднодневна обука за тонско снимање од фирмата изведувач, а по потреба информатичарот ги обучува судиите и службените соработници.

**18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Во поглед на информатичката опрема со која располага судот известени сме дека постојат персонални компјутери и истите се во доволен број и се употребуваат од страна на сите вработени во судот. Сите компјутери се со оперативен систем Windows 10.
На новиот сервер (WinSRV 2022) е направена целосна миграција на АКМИС системот.
Располагаат со доволен број на принтери за секој вработен, меѓутоа доколку се случи откажување на некој од нив немаат резерви за нивна замена.
Постои и сервер за скенирање - поточно работна станица која сеуште работи на оперативен систем Windows 7, а тоа е поради софтверот за скенирање.
Во приемните одделенија каде се врши скенирање на документите, се опремени со нови скенери.
Имаат storage - NAS - Network access storage за резервна копија на податоци.

**19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Согласно со измената на персонал, се менуваат и корисничките групи во работата на судиите во судот.

Извршен беше увид во списоците за контролниот период и констатирано беше дека во судот постојат списоци за кориснички привилегии во АКМИС системот, но истите не се евидентирани како списоци во АКМИС системот.

2023:
СУ07 216/22 -30.12.2022
СУ07 216/22-3 08.06.2023
СУ07 216/22-4 07.07.2023
СУ07 216/22-6 04.10.2023

2024:
СУ 07 175/23-1 30.01.2024
СУ 07 175/23-3 12.04.2024
СУ 07 175/23-5 10.10.2024

**20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии за работа со АКМИС системот.

**21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Извршен е увид како хартиено така и во АКМИС системот. Исто така извршен беше увид и во календарот на дежурства во АКМИС и увидено е дека се внесуваат дежурствата во календарот за дежурства.
Во граѓанскиот оддел нема распоред за дежурства од причини што не се прават дежурства за овој оддел, освен за семејно насилство - ВПП и за време на годишни одмори.
Граѓански оддел СУ 725/22-5 - 12.01.2023, СУ 725/22-8 - 28.04.2023 и СУ 43/24-2 - 15.01.2024
Кривичен оддел СУ 556/23 - 03.07.2023 и СУ 542/23 - 14.07.2023

**22. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи. Набавени се 16 нови скенери и распоредени во сите писарници.

**23. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите, освен во оддел за прекршоци каде има застој.
Објаснување од судот: приливот на прекршочни предмети од МВР кон судот се доставува одеднаш, на крајот од годината, што создава застој бидејќи физички не може да се обработат одеднаш, ниту од страна на оддел ниту од страна на судии.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

| ПРЕПОРАКА ЗА МВР |
| --- |
| МВР навремено, редовно и тековно да ги доставуваат прекршочните предмети до судот. |

**24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Автоматската распределба и прераспределба ја извршува уписничар – Водител на писарница на соодветната материја и секој ден се извршува во 14 часот.
Информатичарот во судот е администратор на АКМИС системот со Одлука за администратор на АКМИС. (СУ-07-216/22-2 ,СУ-07-16/24).

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2023 и 2024 година (175 став 5 СД)**

Со Одлука од Претседателот информатичарот во судот постапува за исклучување на судија од распределба на предмети.
Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот (2023, 2024). Констатирано беше дека сите одлуки за прераспределба на судија се уредно заведени во АКМИС системот.
СУ -04- 403/23, СУ -04- 299/23 - внесени во АКМИС
СУ 747/24, СУ 633/24
СУ -04- 504/24 - вклучување, исклучување - внесена во АКМИС
СУ 331/24-2 - исклучување, вклучување
СУ 328/24 - Одлука за прераспределба

Одлуки за прераспределба
СУ -04-136/23 од 30.01.2023 и СУ -04-136/23 од 16.12.2023 - Две различни одлуки за автоматска распределба, а се заведени под исто СУ бројче само со различен датум. Во едната одлука СУ-04-136/23 од 06.12.2023 година, диспозитивот не се совпаѓа со образложениеото.
Образложение од судот: Се работи за грешка, односно постои само една Одлука СУ-04-136/23 од 30.01.2023 година, додека другата што е наведена е грешно испринтана (одлука преку која најверојатно требало да се изработи некоја друга, а е земена како урнек) - истата ќе се стави вон сила. Значи постои само една Одлука СУ-04-136/23 од 30.01.2023.

Дополнително појаснување од судот: Исто така во одлуки за прераспределба најчесто стои и став за **ресетирање** на ознаките во уписници. Тоа се прави најчесто

кога има нов судија во Оддел и е потребно да се врши ресетирање на ознаките во уписниците за да ново примени предмети рамномерно автоматски се распределуваат на судиите кои и претходно биле во тој Оддел како и новиот судија, а кои постапуваат по тој вид на предмети (секој судија рамномерно да добие ист број на предмети). Согласно на чл.174 што се однесува на автоматска распределба на предметите, автоматската распределба на предметите во судот се врши преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети на начин со кој се обезбедува секој судија во судот да добие во работа подеднаков број на предмети по дефинирани критериуми од Работното тело за стандардизација во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2023 и 2024 година**

Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот на Решенија за изземање на судија за 2023 и 2024, бидејќи во претходниот надзор биле констатирани пропусти. Констатирано беше дека сите одлуки за изземање на судија се уредно заведени во АКМИС системот, а судот постапил по забелешките на Комисијата за надзор. Во судот во тековната 2024 година, биле поднесени 104 барања за изземање, од кои усвоени биле 31, одбиени 66, отфрлени 1 и погрешно заведени 6.
Пример на Одлука за изземање СУИЗЗ 1/24 - 04.01.2024 - внесена во АКМИС.

**27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2023 и 2024 г.**

**Пример: Су 04 625/24 од 19.08.2024 година**

Образложение од судот:
Одлука со која предмет најчесто за време на судска ферија или во непредвидена ситуација кога не можел да се заврши, а се работи за предмет од итен карактер, судијата бил на боледување или користи денови од годишен одмор, му завршило дежурството (во судска ферија), се доделува на друг судија што постапува во тој уписник, или има ситуации кога ќе мора на друг судија и да му се додели тој уписник пр. како Одлуката погоре наведена и во која во самото образложение е објаснето. Значи Одлука со која или се доделува директно предмет на друг судија или се определува судија кој ќе постапува по одреден предмет се одлуки кои ги нарекувате одлуки за рачна распределба, но рачна распределба може да направи и без одлука во одредени ситуации што е предвидено и во Внатрешните процедури на судот-цитирам:

„ Распределба и предавање на предмети во работа на судија од итна природа
Предметите од итна природа, времените мерки, притворите и сл., веднаш се заведуваат и преку АКМИС веднаш се распределуваат на судиите.
Судскиот службеник - водител на писарница е должен примените поднесоци од итна природа (тужба со предлог за издавање времена мерка, предлог за издавање времена мерка, предлог за обезбедување докази, обвинителни акти во кои се бара определување на мерка притвор, барања за продолжување на мерка притвор, предмети во кои како осомничени или обвинети се странски државјани и др.) веднаш да ги заведе во соодветниот уписник во програмот АКМИС и преку програмот АКМИС веднаш да ги распредели на судија со користење на алатка „судија", која се отвора во електронскиот предмет по неговото дефинирање како итен.
Предметот од итна природа, се доделува во работа на судијата веднаш, откако службеникот ќе се увери дека понудениот судија со програмата не е оправдано отсутен и дека нема позната законска пречка за да постапува по предметот (кога постапувал како судија на претходна постапка, учествувал во оценка на обвинителниот акт, претходно било донесено решение за негово изземање и сл.).
При постоење на некоја од наведените пречки, службеникот го брише понудениот судија и повторно ја користи алатката „судија", за доделување на предметот, а во полето „забелешка" ја пишува причината за тоа редоследно на понудените судии, кои ги избришал, се до конечно доделување на предметот....."
Сите овие предмети се распределуваат преку АКМИС програмот.

Препорака за АКМИС во новата Стратегија за ИКТ
Врховниот суд, Работното тело за стандардизација при Врховниот суд, Судскиот совет и МП да најдат соодветен начин во АКМИС да престане постојано вклучување и исклучување на судиите за итни и друг вид предмети. И во случаите со изземања кои ги следи Врховниот суд се воочени аномалии. Во судовите се забележани примери кога во образложените одлуки се наведуваат причините за исклучување и вклучување на судиите по уписници или судија копче, од оправдани причини, но на овој начин се заобиколува принципот на гаранција на државата дека по предметот ќе постапува „природен судија", односно случаен избор на судија. Особено беше забележано во некои од судовите дека заради организација на работата на судот и преземање на мерки за да не дојде до застој и неажурност на судот, претседателот да врши нов распоред со уписници преку кој на судиите кои го решиле својот број на предмети добиваат нови преку АКМИС затоа што други судии не успеале да го совладаат својот прилив на предмети. Секој судија има број на предмети кој треба да го совлада, и во зависност колку е успешен во тоа, согласно критериуми

определени во законите се оценува неговата работа. Претседателот на судот е должен да го извести Судскиот совет дека одреден судија не го совладал бројот на предмети во судот, а не само да врши нова прераспределба на бројот на предмети за да се совлада бројот на предмети во судот. Согласно критериумите во АКМИС секој судија има подеднаков број на предмети автоматски. Секое вклучување и исклучување на судија во АКМИС доведува до нерамномерен број на предмети што во крајна линија доведува и до повреда на правата на судиите.
Во Советот за ИКТ, Судски совет, Врховен суд, да се разгледа можноста за креирање напреден автоматски систем кој ќе одговори на утврдените предизвици согласно извршените надзори од повисоките судови и МП, како една од стратешките мерки и активности во новата ИКТ Стратегија за правосудство.
Министерството за правда во Судскиот деловник да го доуреди постапувањето на судовите утврдено согласно надзорите, а кое произлегло од примената на одредбите за автоматска распределба и прераспределба во судовите.

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Беше извршен увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за 2023 и 2024 година:
2024 - Кривичен оддел

- К-504/24 - Поднесен на ден 27.08.2024, примен на ден 17.09.2024, заведен наредниот ден на 18.09.2024, распределен автоматски 18.09 и примен од страна на судија на ден 23.09.2024. Предметот бил распределен на 18.09.2024 затоа што овој предмет бил на одобрување на Кривичен совет, К-00А-55/24, Примен 27.08.2024, заведен 28.08.2024 (Одлука за одобрување КО324/24)
- К-115/24 - Поднесен и примен на ден 04.03.2024, заведен на ден 05.03.2024, примен од страна на судија на ден 13.03.2024, има прераспределба врз основа на СУ-ИЗЗ 13/24 - 12.03.2024 направена истиот ден.

2023

- К-321/23 - Поднесен на ден 05.06.2023, примен на ден 07.06.2023 и заведен на ден 08.06.2023, примен од страна на судија на ден 12.06.2023. На ист датум судијата бара изземање, предметот е прераспределен со Решение СУ -ИЗЗ бр.15/23- 13.06.2023 година.

Граѓански:

- П1-115/23 -Поднесен и примен на ден 29.08.2023, заведен на ден 30.08.2023, Примен од страна на судија на ден 30.08.2023 година.
- П2-97/24 -Поднесен и примен на ден 17.04.2024, заведен на ден 18.04.2024, Примен од страна на судија на ден 19.04.2024 година, прераспределен на ден 22.04.2024 година со СУ -ИЗЗ-20/2024 (22.04.2024).

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Во судот предметите што се примаат, се заведуваат наредниот ден освен итните предмети. Во моментот на надзорот во 14:29, беше направена автоматска распределба во 14 часот.

Од увидот во автоматската распределба се утврдија дека од претходниот ден имало 3 нераспределени предмети од 29.10.2024 (КС-Кр-358/24, КС-Кр-359/24, КС-Кр-360/24) и истите биле распределени на денот на надзорот (30.10.2024).

Еден предмет од 07.10.2024 не е автоматски распределен КР-8340/24 - затоа што овој уписник е исклучен од автоматска распределба.

Образложение од судот: Во КР уписник се заведуваат барања за издавање на уверенија од Кривична евиденција, барања за издавање на потврди од казнена евиденција, барања за издавање на потврди и уверенија од други институции (МВР, ОЈО и други).

Барањата од кривична евиденција ги потпишува судија од претходна постапка во тек на работното време согласно Годишниот распоред, потврдите од казнена евиденција судија определен со годишниот распоред, а потврдите за МВР, ОЈО и слично одговорниот работник во писарница за кривична и казнена евиденција. Кога има потреба да се издаде уверение од Кривична евиденција се бира судија кој е дежурен во тек на работното време од претходна постапка, а кога ќе има потреба да се издаде потврда од казнена евиденција ги потпишува судија определен со годишниот распоред. Поради тоа зависно дали се работи за потврди или уверенија и зависно од тоа кој судија во тој момент е дежурен се бира судија од понудената листа во предметот.

Додека пак доколку има Барање за издавање на листа или податоци од Казнена или Кривична евиденција од други институции на предметот не доделува судија и изготвениот акт го потпишува одговорниот работник. За конкретниот предмет погоре наведен се работи за Барање за издавање на податоци од КЕ поднесено од Кривичен совет при овој суд кое Барање е заведено на 07.10.2024 година кога е и

поднесено, а е верифицирано на ден 12.11.2024 година и затоа на ден кога се вршеше контрола од Ваша страна на 30.10.2024 година, предметот се јавил како нераспределен и незавршен.

Предметот ППНИ 5/23 и ППНИ 6/23 од итен карактер не се распределени со копче судија туку е направена 2 пати автоматска распределба во истиот ден.
Објаснување од судот:
На ден 30.01.2023 година предметот ППНИ 5/23 е заведен како итен предмет и истиот е распределен преку модул за автоматска распределба, а не преку копче судија. Истиот ден заведен е и предметот ППНИ-6/23 исто како предмет од итен карактер и на ист начин распределен и затоа се направени две автоматски распределби. На одговорниот вработен му е укажано распределбата на итни предмети да ја прави со копче судија.

## 30. Уписници што се водат во хартиена форма

Уписникот „СУ“ се води хартиено и во АКМИС, и извршни предмети.

## 31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање

Опремата за тонско снимање била исправна постојано и се одржува судење со тонско снимање. Опремата е надградена во 5 судници, а од страна на судот е побарано да се опреми уште една судница. Во 2022 и 2023 година само 1 или 2 судии користеле тонско, но не за сите предмети, само по барање на странки или поспецифичен предмет. По пожарот користењето на тонското снимање се вршело само во 3 судници. Информатичарот задолжен е секој месец да поднесе извештај за исправноста на опремата до Претседателот на судот.
Бевме информирани дека еден компјутер од опремата за тонско снимање е однесен на сервис во фирмата изведувач ICSConsalting.
Од страна на судот беше образложено дека системот за тонско снимање е посложен, обуката кратко траела, а најголемата забелешка е дека исказот не може да се копира и залепи, дополнително потребно е режење на 4 cd-ња што одзема време и трае споро.

## 32. Електронска достава.

Електронска достава се врши до адвокати, се обиделе со достава до осигурителни компании, но се уште нема достава до другите институции.
Има 600 електронски достави заклучно со Ноември 2024 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2023 и 2024 година (член 16 СД)**

Су бр. 04-1161/23 од 27.12.2023

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2023 и 2024 година по предлог на работното тело**

Су 04-275/24 од 25.03.2024

**35. Внатрешни процедури**

СУ-1989/22 од 30.12.2022 година и СУ-04-275/24-1 од 25.03.2024 година

**36. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Има секој месец Су 07 32/24 , Су 07 33/24, Су 07 34/24, Су 07 35/24, Су 07-36/24, Су 146/24 , Су 147/24, Су 156/24, Су 157/24.

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Информирањето на јавноста за резултатите од работењето е преку веб страната на судот. Секоја година се одржува отворен ден во судот, Европскиот ден на граѓанска правда.

**38. Огласна табла на судот**

Има огласна табла на влез во судот.
Видео дисплеите не се во функција бидејќи апликацијата за приказ и креирање на распореди за судење во судот, не работи на Windows 10 и Windows 11.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

## 39. Простории за судии поротници и за адвокати

Просторија за адвокати нема, но им се дозволува состаноци да се одржат во големата сала на судот. Канцеларија за пробација има и истата функционира.

## 40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2023 и 2024 година.

Редовно се објавуваат само правосилни одлуки на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

## 41. Архива

Досегашните вработени не успеваат да го совладаат проблемот со архивата. Архивата се наоѓа во многу лоша состојба, дел од предметите се изгорени и уништени од пожарот кој бил минатата година. Самата просторија нема никакви услови, многу предмети стојат по ходникот во подрумскиот дел од архивата каде што се оштетуваат секој ден. Многу мал дел од предметите, од 2018 година се уредно средени и попишани. Архивата се наоѓа во катастрофална состојба без можност за увид и евиденција.

ПРЕПОРАКА:
Претседателката на судот да подготви план за расчистување на архивата согласно одредбите од Судскиот деловник и Архивот.
Истовремено, претседателката на судот побара дополнителен број на вработени за оваа намена, за да може да се заврши оваа обемна задача.

Увидот заврши на ден 30.10.2024 во 15:40 часот.